Regional Centre for Forestry and Rural Development
www.refordcentre.org
contact@refordcentre.org

# Опис на работни задачи

## Истражување на јавно мислење на национално ниво за нелегални шумски активности

За проект: Борба против нелегални шумски активности

## 1. Вовед

Нелегалните шумски активности опфаќаат девијантни појави во шумарскиот сектор кои во најголем дел се однесуваат на нелегалната сеча како појава со најголемо негативно влијание по шумите како природен ресурс од посебен интерес за целото општество како и низа на други појави како непочитување на законските одредби, корупција, злоупотреба на службена положба, несовесно вршење на службата итн.

Терминот „нелегална сеча“ се однесува на кршење на законот во која било точка во ланецот на снабдување со дрвни производи, на пример, добивање на дозвола за сеча преку коруптивни процеси, сеча според незаконски стекнато одобрение за сеча, надминување на дозволените количини за сеча, работа во шума без лиценца и договор, даночно затајување и извоз на производи без плаќање на извозни давачки итн.

Дополнително, нелегалната сеча вклучува незаконско копачење на шуми за други намени на земјиште како што се земјоделство, рударство или инфраструктура, во праксата позната како „нелегална трансформација на шума и шумско земјиште“. Друг аспект на нелегалната сеча е „бесправно сечење на дрвја“ што вклучува поединци кои често пати сечат шума за сопствена потреба и честопати работат незаконски заради предизвиците и неможноста да ги исполнат сите административни процедури и барања од Законот за шуми.

Нелегалната шумска сеча на меѓународно ниво се дефинира како сеча, преработка, транспорт, купување или продажба на дрво во спротивност со националните и меѓународните закони. Нелегалната сеча има разорно влијание врз шумите воопшто, биодиверзитетот и врз луѓето кои живеат во и околу нив и се потпираат на ресурсите што ги обезбедуваат шумите.

Корупцијата се смета за еден од главните двигатели на нелегалнта сеча и најважниот фактор кој ја овозможува незаконската трговија со дрво. Таа се протега и може да се сретне низ целиот ланец (Value chain) на движење на производот во шумарството. Корупцијата е обично поттикната од недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на постапките предвидени со постојната законска рамка и внатрешна регулатива или пак намерно неспроведување на истата. Честопати таа е придружена со коруптивни плаќања на клучни функционери и политичари за да делуваат на намалување на фунционалноста на системот, со што економски ја ослабуваат државата и ја лишуваат од витални природни ресурси. На овој начин се стимулира зајакнувањето на ткн. маѓепсан круг на слабо владеење и корупција.

На локално ниво, нелегалната сеча е највидливиот дел од еколошкиот криминал, кој е невозможно да се одржи без знаење и „согласност“ на оние кои треба да го потиснат.

Проектот ,,Борба против нелегални шумски активности" е финансиран од USDA (United States Department of Agriculture) и се спроведува од Регионален центар за шумарство и рурален развој – РЕФОРД, во непосредна соработка со USFS (United States Forest Service).

За таа цел проектот има потреба од услуга за ***спроведување на истражување на јавното мислење на национално ниво за нелегалните шумски активности, спроведено според претходно утврден методолошки пристап.***

За спроведување на активноста се предвидува ангажман на правно лице.

**2. Профил и експертиза на апликантите:**
Организацијата која е подобна за спроведување на активноста е:

- Правно лице кое е регистрирано во Централен Регистар на РСМ;
- Најмалку 3 спроведени истражувања/проекти кои вклучуваат теренски анкети, организирање фокус групи и насочени интервјуа во последните 3 години;
- Најмалку 5 години искуство во организирање на теренски истражувања;
- Да поседува соодветен човечки капацитет (во правното лице или со партнерски правни лица) за спроведување на истражување на национално ниво;
- Во тимот е задолжително да има шумарски инженер и експерт за обработка на податоци (статистика, програмирање или други сродни дејности);
- Да располага со теренски анкетари.

Со апликацијата правното лице треба да поднесе:

- Извод од тековна состојба од ЦР не постар од 12 месеци;
- Референци од спроведени истражувања;
- Професионална биографија (CV) за шумарски инженер и експерт за обработка на податоци.

Поднесување на пријава:
Бараните документи мора да бидат испратени по електронска пошта не подоцна од **01.11.2023, 16.00 часот на contact@refordcentre.org**

**3. Специфични задачи (според утврдена методологија)**

- Да организира, спроведе и набљудува теренско истражување во форма на структурирано интервју на 500 испитаници (корисници на дрва за огрев и сопственици на приватни шуми) за да го испита јавното мислење за нелегалната сеча на шуми во 8 општини од 8 плански региони избрани од страна на РЕФОРД.

- Да организира и спроведе фокус групи со по 8 до 10 учесници во една фокус група. Избраниот апликант треба да спроведе две фокус групи. Едната фокус група треба да биде составена од експерти од областа на шумарството и претставници на невладини организации од област на заштита на животна средина, планинарски клубови и сл. Другата фокус група треба да биде составена од сопственици на преработувачки капацитети (пилани) кои користат дрво и дрвен отпад/остатоци како влез/материјал во своето производство. Базата со потенцијалните учесници ќе биде заеднички оформена од ангажираниот давател на услуга и претставници од РЕФОРД. Избраниот апликат треба да изработи Водич/Методологија за спроведување на фокус група по која

ќе се води при спроведување на фокус групите и да подготви извештај со прибрани ставови.

- Да организира и спроведе онлајн прашалник на претставници од општинска администрација во 8 општини од 8 плански региони избрани од страна на РЕФОРД.

- Да собере податоци со кои располагаат државните институции во врска со нелегалната сеча на шуми.

По спроведените активности избраниот апликант треба да ги има уредено податоците од точка 1 до точка 4 во машински читлив формат (.xls или .csv) и да ги достави на РЕФОРД.

**4. Финансиски надомест**
Предвидениот буџет за извршување на бараните задачи е во максимален бруто износ од 7,000 (седум илјади) американски долари.

**5. Временска рамка**
Времетраењето за спроведувањето на задачата започнува од 01 ноември 2023 до 01 април 2024 година.